Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 113, 15 ноември 2013 година

ноември 2013 година
Штип

# СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област казнено право на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област анестезиологија и реанимација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 13

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Житни растенија” од автор доц. д-р Мите Илиевски, Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по предметот граѓанско општество” од доц. д-р Страшко Стојановски, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Основи на cad/cam во електротехника“ (интерна скрипта) од д-р Влатко Чингоски, вонреден професор на Електротехнички факултет, при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум за пополнување на единствен царински документ” од доц. д-р Драшко Атанасоски, асс. м-р Снежана Бардарова и асс. м-р Оливер Филипоски ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на скрипта под наслов „Фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебното помагало „Практикум по фонетика и фонологија на современиот турски јазик“ од доц. д-р Марија Леонтиќ, Филолошки факултет,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 35

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 37

**ПРИГОВОР** ........ 38

**ОДГОВОР НА ПРИГОВОР** ........ 40

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КАЗНЕНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука бр. 1602-156/7 донесена на 93. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 16.10.2013 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-научно звање доцент за научната област *казнено право* на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во следниот состав:

- проф. д-р Гордана Бужаровска, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател),
- доц. д-р Лазар Нанев, насловен доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член),
- доц. д-р Борка Тушевска, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Утрински весник” и „Лајм“ на 2.10.2013 год. и во предвидениот рок се пријавила само кандидатката д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Врз основа на пријавата и доставената документација и нивното разгледување, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во дневните весници „Утрински весник“ и „Лајм“ на 2.10.2013 година на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област *казнено право* се пријавила кандидатката д-р **Олга Кошевалиска.**

Кандидатката ги приложи следниве документи:

- пријава;
- диплома за докторат од полето на правните науки (три копии заверени на нотар);
- кратка биографија (во четири примероци);
- потврда за познавање на англиски јазик;
- список на научни и стручни трудови;
- примерок од трудовите;
- примерок од докторската дисертација;
- уверение за државјанство.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

***Биографски податоци***

Кандидатката **Олга Кошевалиска,** моминско **Ѓуркова,** е родена на 23 ноември 1983 година во Штип, Р. Македонија. Основно образование завршува во ОУ „Ванчо Прќе“ во Штип, а средно образование завршува во Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип. Во учебната 2002/2003 год. се запишува на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во 2006 година, го завршува Правниот факултет и се стекнува со звање дипломиран правник.

Во 2006 година, кандидатката се запишува на постдипломските студии по казненото право на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во декември 2009 година таа успешно го одбранува својот магистерски труд на

тема „Кривичната постапка за коруптивните кривични дела во Римското право“ со што ги завршува постдипломските студии со просечен успех 9,70 и се стекнува со звање магистер на правни науки од областа на казненото право.

Во април 2011 година, кандидатката пријавува докторат на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на тема „Приватноста versus безбедноста во размената на податоци во кривичните предмети во ЕУ“. Во јули 2013 година таа успешно го одбранува својот труд и се стекнува со звање доктор на правни науки.

Во поглед на нејзиното професионално искуство и ангажман, кандидатката Кошевалиска во периодот 2006 – 2007 година волонтира во Апелациониот суд во Штип во кривичниот оддел, каде што почнува да ги изучува практичните аспекти на правото, применувајќи ги своите теоретски знаења. Во 2007 година е избрана во соработничко звање помлад асистент, а од 2010 година, по истекот на изборниот период од три години е избрана и како асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во областа на казненото право. Во периодот од 2008 до 2009 година, со посебна Одлука од ректорот е ангажирана како правник во ДООЕЛ „Уни-сервис“ при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во периодот од 2007 до 2009 година е член на Нормативната комисија на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и учествува во работната група за изработка на Статутот на УГД, Правилник за систематизација и организација на работните места и Правилник за плати и други надоместоци на плати и др.

Професионалните ангажмани и научниот интерес што кандидатката го покажува се во сферата на казненото и казнено-процесното право. Тргнувајќи од темите што кандидатката досега ги има обработувано, за забележување е нејзиниот интерес за мултидисциплинарен приод на истражување.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Следејќи ги своите амбиции кон научноистражувачка работа во полето на правните науки, истовремено и своите професионални ангажмани, кандидатката д-р Олга Кошевалиска реализира наставна и научноистражувачка дејност.

Во периодот од 2007 до 2012 година, како соработник на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, таа е активно вклучена во реализирањето на вежбите по предметите: Историја на право (2+2+1), Казнено право (3+2+1), Криминологија (3+2+1), Казнено процесно право (3+2+1), Европско казнено право (2+2+1) и Меѓународно казнено процесно право (2+2+1).

***Учество на комисии, студиски престои, обуки, работилници***

- Во учебните години 2013/2014; 2009/2010; 2008/2009; 2007/2008 година кандидатката е член на факултетска Комисија за прием и упис на студенти на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
- Јули 2011 година обука „Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес - e-moodle 2“, предавачи: проф. д-р Зоран Здравев и William Warrick Institute of International Education, Fulbright Senior Specialist. Štip, Macedonia.
- Јуни 2010 година, Court Hearing in the European Court of Justice in Luxembourg, Case C-235/09 - DHL Express (France) SAS v Chronopost SA, 30.06.2010.
- 2011 година, Организација на работилница – симулирано судење за разбојништво на Правниот факултет во Кочани, 2011 година, под менторство на проф. д-р Лазар Нанев.
- 2010 година - Летен курс - The Criminal Justice system under the Lisbon Treaty, European Academy of Law (ERA) Trier, Germany.
- 2010 година – едукатор на студенти од ромско потекло во рамките на невладината организација „Ромаверзитас“;
- 2010 година - Организација на работилница – симулирано судење за убиство, по повод Ден на Европа, на Правниот факултет во Кочани, 2010 година, под менторство на проф. д-р Лазар Нанев;
- 2010 година - Учество во работилница „Активно учење во големи групи: невозможност или предизвик?“, Педагошки факултет – УГД;

- 2009 година – член на работна група за изработка на Правилник за плати и надоместоци на плати и Правилник за систематизација на работните места на Уни-сервис ДООЕЛ Штип;
- 2000 година – учесник во Macedonian Model of United Nations, Humman Rights Committee.

***Учество во проекти***

- 2010 година – тековен, помлад истражувач на Проект *„Правните аспекти на формите и факторите за мобинг во Република Македонија“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.*
- 2011 година - предавач на тема „Опасностите од злоупотреба на избирачкото право во рамките на проект: Едукација на гласачи/Заштита на ромскиот глас“ – Норвешка амбасада.
- 2012 година – тековен, истражувач на Проект „Правните аспекти за заштита на правото на морето“, Европска координација за наука и технологија (International COST Project - Martime safety and security (Marsafenet)“ Cost Action IS1105).

***Приказ на трудови***

Ананиев, Ј., **Ѓуркова, О**.: Финансиска и материјална поддршка на политичките партии пред и за време на изборната кампања и моделите на транспарентност (светско и македонско искуство), Годишник на Институт за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје, 2008 година.

Во овој труд авторите даваат детален осврт на финансиската и материјална поддршка на политичките партии за време на изборната кампања и казнено правните аспекти во случај на злоупотреба на финансирањето на изборната кампања. Постојат разработени механизми за контролирање на финансиската и материјалната поддршка, придружени со легислативни процедури и институционални капацитети со одредени позитивности и слабости, како во Република Македонија така и во останатите земји, и истите се разработени во трудот.

**Ѓуркова, О**.: Казнено-правна уреденост на производство и дистрибуирање на детска порнографија преку мас-медиумите (светско и македонско искуство), Годишен зборник на Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2009, ISSN 1857-7229.

Во овој труд авторката го елаборира македонското кривично законодавство кое се однесува на детската порнографија и компаративно го прикажува светското искуство на современите земји. Оттука се дадени решенија за полесно превенирање на овој најсериозен проблем од модерното секојдневие.

**Ѓуркова, О.:** Влијанието на римскиот казнено правен систем врз модерните казнени системи, *Годишен зборник на Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, 2010, ISSN 1857-7229.*

Во овој труд авторката се обидува да го прикаже влијанието на античкото римско право врз современите правни системи и да докаже дека сите денешни казнено правни системи во својата основа го имаат римското казнено право. Римската казнена постапка несомнено има влијание на развитокот на казнената постапка во сите земји на континентална Европа. Доказ за ова е присутноста на елементи од акузаторна и инквизициската постапка од римскиот правен систем. Најмногу елементи од казнената постапка има во казнената постапка на Италија, Франција, Германија, Шкотска, па дури и Русија. Франција дури го има задржано во извесна мера и начинот на избирање на поротата, а и Италија и Германија, со исклучок на поротата, имаат преземено многу одредби од оваа постапка.

**Ѓуркова, О.:** Кривична постапка за коруптивните кривични дела во Римското право, магистерски труд, Алфа 94 МА, 2010 – 161 стр., ISBN 978-9989-936-26-6.

Во монографијата авторката се обидува да ја разграничи посебната казнена постапка којашто постоела во Римското право за изнудата (repetundae) и за корупцијата (caries) односно ambitus (корупцијата во електоратот) од останатите казнени постапки. Текстот на монографијата е поделен во *два дела од кои првиот содржи една глава а вториот две*. Првиот дел се однесува на казненото право воопшто во римското право и истиот е неопходен за компарирање со решенијата предвидени во посебните постапки кои се предмет на проучување во вториот дел од монографијата.

Во *првата глава* се анализираат основните прашања за кривичното право и посебните видови на корутивни кривични дела во римското право. Во *втората* глава се обработени основните обележја на казнената постапка. Овде на сумарен начин се преставени основните начела на казнената постапка, субјектите, процесните дејствија, докажувањето и доказните средства со цел да се создаде претстава за тогаш важечкиот систем на докажување. Во третата глава детално се елаборирани посебните постапки за quaestio de repetundis, caries и ambitus.

Сотироски, Љ., **Ѓуркова, О**.: Медијацијата во кривичните предмети (светско и македонско искуство), 2-ри Август, МА, 2011 – 123 стр., ISBN 978-9989-2781-7-4.

Трудот е поделен на два дела и брои 123 страници. Во првиот дел од трудот сеопфатно се прикажани првите зачетоци на медијацијата во меѓународните законодавства односно т.н. „нулта случај" во медијацијата. Понатаму следи елаборирање на европското законодавство и законодавството на Обединетите нации кое се однесува на медијацијата. Овде се опфатени сите конвенции, декларации, препораки, резолуции, заклучоци и одлуки од законодавството на Европската унија коишто ја уредуваат целосно, делумно или парцијално медијацијата. Потоа следи дел од истражувањето на медијацијата кај соседните и странските законодавства. Овде се опфатени законодавствата на Италија, Австралија, Албанија, Србија, Босна и Херцеговина, Словенија и Хрватска. Есенцијалниот дел на овој дел од трудот е медијацијата во новиот Закон за кривична постапка на Република Македонија. Вториот дел од публикацијата се однесува на медијацијата во постапката за малолетници.

**Ѓуркова, О**.: Предности и слабости во конституирањето на европскиот јавен обвинител, *Правник бр. 233, септември 2011 година*.

Во овој труд, авторот ги дава главните предности и слабости во конституирањето на европскиот јавен обвинител како едно од најактуелните прашања коишто денес циркулираат низ Европската унија. Дел од неговите предности се избегнувањето на комплицуваната постапка за екстрадиција и воспоставување на непосредна соработка на ЕЈО со националните органи на јавното обвинителство. Дел од неговите слабости се: конфликтот на позитивна јурисдикција, непрецизност во почитување на правата на обвинетиот, како и непрецизен почеток на важење на начела на кривичната постапка, неговата фрагментарнана надлежност, силната централизираност и сл.

**Ѓуркова**, О. (2011): Размената на кривични податоци во European Criminal Records Information System (ECRIS) и македонското законодавство за заштита на лични податоци извадени од кривичната евиденција, „Правник'' бр.234, Скопје.

Во овој труд авторката го елаборира Системот за електронска кривична евиденција ECRIS (European Criminal Records Information System) како децентрализирана информациона технологија за размена на информации извадени од кривичната евиденција на земјите-членки на ЕУ. Со овој систем се утврдуваат и се стандардизираат формите на електронска размена на податоци од кривичната евиденција. Овој информатички систем ќе овозможи размена на податоци од националната кривична евиденција без директен пристап до истата. Од аспект на ова во трудот се опфатени и достигнувањата во македонското законодавство кои се однесува на размената на лични податоци поврзани со кривична истрага, пресуда или осуда.

Нанев, Л., Бужаровска – Лажетиќ, Г., **Кошевалиска, О.:** Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда - Современи текови во постапувањето со малолетниците, СППМД Кавадарци, ISBN 978-9989-9968-0-1, 2012 година.

Публикацијата „Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда - современи текови во постапувањето со малолетниците", напишана на 716 страници е систематизирана во два дела. Првиот дел се однесува на карактеристики на малолетничката правда, современи текови во постапувањето со малолетниците, ресторативна правда кај малолетниците, компаративни трендови во малолетничката правда, концептот на малолетничката правда во Република Македонија и заклучни согледувања. Вториот дел ја опфаќа македонската права регулатива врзана за оваа проблематика и превод од сите акти во рамките на Европската унија, Советот на Европа и Обединетите нации. Оваа публикација е од особено значење, бидејќи претставува прва ваква публикација во рамките на македонската научно-правна литература.

Нанев, Л., Бужаровска – Лажетиќ, Г., **Кошевалиска, О.:** Медијација во системот на малолетничката правда, СППМД Кавадарци, ISBN 978-9989-9968-3-2 1, 2012 година.

Публикацијата „Медијација во системот на малолетничката правда“ е напишана на 103 страници текстуален дел и е систематизирана во девет поглавја плус два прилога: закон и обрасци за успешно спроведување на постапката за медијација. Деветте поглавја се однесуваат на медијацијата во малолетничката правда со потглавје кое се однесува на општи карактеристики на медијацијата кај малолетниците, краток компаративен преглед на медијацијата кај малолетниците, начела врз кои се заснова медијацијата, тек на постапката за медијација, облиците на медијација и начин за разрешување на конфликтите во заедницата, медијација спрема малолетниците во Република Македонија и поддршка за натамошна примена на медијацијата.

Нанев, Л., Бужаровска – Лажетиќ, Г., **Ѓуркова О.,** Гиновски, М., Гаџовска, Л.: „Општински совети за превенција од малолетничката деликвенција“, Публикацијата е во рамките на проектот „Формирање на општинските совети за превенција на малолетничко престапништво,“ од страна на СППМД Кавадарци, со помош на УНИЦЕФ и Европската унија, ISBN 978-9989-9968-0-1, 2012 година.

Публикацијата е напишана на 112 страници текст. Истата е систематизирана во шест модули, плус воведен дел, програма за работа, акционен план и документи за формирање на општинските совети за превенција од малолетничко престапништво. Оваа публикација претставува една од алатките кои треба да ѝ овозможат на општината успешно и ефикасно формирање на Општински совет за превенција на малолетничкото престапништво и да обезбеди имплементација на Законот за малолетничка правда во делот на превенцијата и перспективата на социјалниот развој и добросостојбата на детето.

**Ѓуркова, О**. (2012): Правото на приватен живот и правото на заштита на лични податоци во европското законодавство во судир со националната безбедност. *Труд објавен во Правник бр.239, 2012 година, стр. 11-16, ISSN 1409-5238.*

Во овој труд авторката сака да докаже дека една од главните цели на ЕУ е спроведувањето успешна борба против тероризмот и постигнување на висок степен на национална безбедност. Меѓутоа, постигнувањето на ова цел, директно е условено од потребата да се интервенира во сферата на основните човекови права – правото на приватност и правото на заштита на лични податоци. Заштитата на овие права, пак, бара нивна строга дефинираност и определеност во меѓународните инструменти, истовремено и нивно почитување во меѓународните договори за соработка особено во кривичната материја.

**Gurkova, O**., Ananiev, J. (2012): National security versus protection of personal data in the EU, Iustinianus Primus Law Review № 05, volume III,Winter 2012, ISSN 1857-8683.

Во овој труд е даден краток приказ на европското законодавство кое се однесува на основното човеково право на заштита на лични податоци и неговата законита дерогација во случаите кога е засегната националната безбедност. Главна цел на овој труд е да прикаже колку граѓаните се волни да ја ограничат својата приватност и правото на заштита на лични податоци на сметка на успешно спроведување на кривична постапка.

Nanev, L., **Koshevaliska, O. (2013)**: Protection of personal data in the criminal legislation in Macedonia, Balkan Social Science Review (BSSR), Faculty of Law in the University “Goce Delcev” in Stip, Republic of Macedonia, Volume I, ISSN: 1857- 8772.

Овој труд има за цел да ја прикаже заштитата на личните податоци во кривичното законодавство во Р. Македонија. Со оглед на фактот дека нивната примена во текот на целата кривична постапка е континуирана и особено осетлива, на мислење сме дека овој труд придонесува кон отсликување на реалната слика за почитувањето на ова право од страна на надлежните органи за кривичен прогон. Особен осврт во трудот е посветен на заштитата на ова право при примена на посебните истражни мерки каде што настануваат бројни дерогации на истото.

**Кошевалиска**, О. (2013): Правото на заштита на лични податоци при примената на посебните истражни мерки, стручно списание Правник, бр. 259 ноември, *ISSN 1409-5238*;

Во овој труд авторката ја прикажува заштитата на личните податоци во Македонија при примената на посебните истражни мерки. Трудот дава одговор на прашањето дали

новите законски решенија имаат за цел само илузорно да дадат европско правна рамка на македонското законодавство во областа на заштитата на лични податоци или со нив ќе се надополни и коригира досегашна пракса на дерогирање на ова прво во рамките на кривичната постапка.

**Кошевалиска**, О. (2013): „Скрипта по предметот Казнено право – применета програма“ (60 стр.), Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип;

Скриптата е од областа на казнено право. Составена е од два дела – прв дел кој се однесува на поимот кривично дело и основите за исклучување на противправноста: дело од мало значење, нужна одбрана и крајна нужда, понатаму подготвување и обид за кривично дело и стек на кривични дела, продолжено кривично дело и начин, место и време на извршување на кривичните дела. Вториот дел се однесува на кривичната одговорност и се однесува општо на кривичната одговорност, понатаму умисла, небрежност, заблуда, учество на повеќе лица во извршување на кривичното дело (соизвршителство, поттикнување и помагање). Во скриптата се содржани вежби коишто во основа ќе го олеснат совладувањето на оваа проблематика.

Кошевалиска, О. (2013): „Практикум по предметот Казнено право – применета програма“ (120 стр.), Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип.

Практикумот е од областа на казнено право. Составен е од два дела – општ и посебен во кој се содржани законските одредби од Кривичниот законик, кои се однесуваат на тематските единици од областа на казненото право. Во првиот дел од практикумот, поделен на четиринаесет глави, авторот во целост ги дава законските одредби од општиот дел на Кривичниот законик, како консолидиран текст во кој се внесени сите измени на законот. Во вториот дел, авторот пристапува кон презентирање и запознавање на студентите со законските одредби во кои се опфатени посебните кривични дела преку кои студентите ќе можат да се запознаат со соодветните инкриминации.

Buzarovska – Lazetik, G., Nanev, L., **Koshevaliska,** O., (2013): Protection of personal data in criminal legislation in Macedonia vs. its protection in EU, Annals of the Bucharest University – The Law Series, Bucharest, article due publishing;

Во овој труд авторите ја рангираат заштитата на лични податоци „spiritus movenst” во развитокот на кривичната легислатива во повеќето земји-членки на ЕУ. Заштитата на лични податоци при нивното користење за целите на кривичната постапка односно во случаите на превенирање, истрага, откривање и обвинување, па дури и извршувањето на изречената казна е од исклучива важност за почитувањето на ова уставно загарантирано право. Во таа смисла секое користење на личните податоци во кривичните постапки мора да биде законски засновано, точно определено, исклучително, но и строго мониторирано од надлежен и компетентен орган. Целта на трудот е да ја нагласи потребата од ефективно тело кое ќе има реален авторитет и моќ на интервенција во случај на злоупотреба на надлежностите на истражните органи.

Buzarovska – Lazetik, G., **Koshevaliska,** O. (2013): Digital evidence in criminal proceedings, Balkan Social Science Review (BSSR), Faculty of Law in the University “Goce Delcev” in Stip, Republic of Macedonia, Volume II, ISSN: 1857- 8772;

Дигиталните докази се едни од најсовремените проблеми на кривичната постапка. Во овој труд авторите се обидуваат да најдат најкомпетентно решение за дигиталните докази во рамките на македонската кривична постапка, по примерот на употребата на дигиталните докази во американското право. Оттука трудот започнува со дефинирање на дигиталните докази, нивно одвојување од компјутерските докази како потесен поим, понатаму елаборирање на потенцијалните извори на дигитални докази, како и основните принципи врзани за постапката и фазите на обезбедување на овие докази. Конечно во трудот се дадени препораките за правилна имплементација на дигиталните докази во нашето право.

***Приказ на докторската дисертација на д-р Олга Кошевалиска***

Докторската дисертација на кандидатката **Олга Кошевалиска** (со наслов: „Приватноста vs. безбедноста во размената на податоци во кривичните предмети на ЕУ“ е структурирана во **шест глави**, придружена со вовед и завршни согледувања, напишана на 334 страници. Цитирањето во дисертацијата е спроведено според Ванкуверскиот систем.

При изработката на дисертација е користена обемна литература, особено странска, во вкупен обем од 456 извори.

Во *првиот* дел од дисертацијата со наслов „Вовед, основни концепти и стандарди на ЕУ за заштита на личните податоци" кандидатката дава краток приказ на европското кривично законодавство во оваа сфера. Со цел да ја задржи концизноста во дисертацијата, кандидатката се задржува само на европскиот концепт и европската дефиниција за лични податоци. Во последователните тематски единици се елаборирани разликата помеѓу правото на приватност и правото на заштита на личните податоци, како и основните начела врз кои се заснова заштитата на лични податоци во европското право. Од особено значење за појдовната теза е тематската единица која се однесува на заштитата на лични податоци во рамките на полициската и судска соработка во кривичните предмети. Во контекст е дадена главната легислација која го регулира ова фундаментално човеково право.

Наредната, *втора* глава од дисертацијата ја обработува полициска соработка во ЕУ, па затоа истата е од особено значење за дисертацијата во поглед на телата кои го овозможуваат процесирањето на личните податоци. Главата започнува со историски осврт на полициска соработка во ЕУ. Овде, кандидатката, главно се задржува на Шенгенската спогодба и нејзината огромна важност во полициската соработка, како и денешното нејзино осовременување што ги тангира токму личните податоци. Посебен акцент дава на ЕВРОПОЛ и неговиот информативен систем кој ја преставува сржта на овој дел од дисертацијата.

Во наредната глава се елаборирани телата што ја овозможуваат судска соработка во кривичните предмети, односно европската судска мрежа и ЕВРОПРАВДА, како и нивната релевантност во заштитата и процесирањето на личните податоци.

Во четвртата глава кандидатката ги елаборира сите бази на податоци на ЕУ и се обидува да даде осврт на заштитата на податоци што тие ја предвидуваат. Овде се елаборирани Виза информативниот систем - VIS, Eurodac, Царинскиот информативен систем – CIS, Агенцијата за менаџирање на Large-scale IT системи, SIENA системот и Системот за електронска кривична евиденција – ECRIS.

Во петтата глава кандидатката прави обид да даде краток осврт на македонското законодавство во ова поле. Оваа глава накратко ги дава основните обележја на македонското законодавство со цел во генералниот заклучок да прикаже колку е блиску Македонија до ЕУ во однос на заштитата на лични податоци. Главниот акцент во оваа глава е врз посебните истражни мерки и правото на приватност каде што кандидатката дава бројни критики и препораки во прилог на билансот помеѓу истражните мерки и приватноста. Исто така, во овој дел се обработени и електронските докази кои значително ја тангираат приватноста и заштитата на лични податоци. Особено важни за оваа дисертација се начините на кои е уредена размената на податоци помеѓу ЕВРОПОЛ и Македонија и ЕВРОПРАВДА и Македонија.

Последниот дел од дисертацијата се однесува на појдовната теза и носи наслов „Приватноста vs. безбедноста во размената на личните податоци во ЕУ". Во овој дел од тезата кандидатката дава одговор на прашањата кои податоци или бази на податоци се достапни за органите на прогонот во земјите-членки и како се пристапува во нив од другите земји-членки. Клучен дел за оваа дисертација е делот за безбедноста и сигурноста *versus* приватноста. Во овој дел е прикажана загриженоста, како и недостигот на доверба во постоечките датабази, како и недостатоците на сите претходно елаборирани инструменти, постапки, начини на трансфер на податоци односно на нивната заштита. Кандидатката смета дека заштитата на лични податоци е израз на личната слобода и дигнитет. Оттука, не смее да се толерира личните податоци да се користат на начин што прави од човекот објект на постојан надзор и мониторинг, особено преку посебните истражни мерки. Правото на заштита на лични податоци е право кое ја овозможува приватноста и сувереноста на поединецот. Националната сигурност е и од општествен и од поединечен интерес. Таа, исто така, е основна за суверенитетот на поединецот. Така кандидатката доаѓа до тезата на оваа дисертација. Неизбежен е вистинскиот баланс помеѓу општествениот (националната безбедност) и приватниот интерес (заштитата на правото на лични податоци). Правото на заштита на лични податоци нема апстрактна вредност односно неговата вредност зависи од заканата за националната безбедност, како противтежа во конкретниот случај.

Конечно следи едно резиме на сите заклучоци во тезата проследено со појдовната теза каде што кандидатката утврдува дека заштитата на лични податоци во Европската унија е на ранг на фундаментално, но не и апсолутно, човеково право. Ова значи дека ова право, иако е признато како такво, нема секогаш примат во однос на другите права и вредности. Оттука мора да се изнајде начин на балансирање на ова право во случај кога истото треба, условно кажано, да се „прекрши". Моделот со кој ќе се балансира би го ставал националниот интерес пред индивидуалниот.

Кандидатката д-р Кошевалиска е член на повеќе наставно-научни комисии на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Според горенаведеното и врз основа на добиениот впечаток од разгледувањето на поднесената документација, како и врз основа на личното познавање на кандидатката, Комисијата смета дека д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, се развива во солиден и перспективен научен работник, претставник на помладата генерација на научни кадри на Правниот факултет која професионално, солидно и одговорно ги извршува сите обврски во рамките на наставно-образовниот процес на Факултетот.

Комисијата со задоволство констатира дека д-р Кошевалиска има забележителен опус за млад научник во кој не изостануваат трудови објавени на англиски јазик во референтни меѓународни списанија. Особено за поздравување е фактот што во опусот на д-р Кошевалиска се забележува нејзиниот интерес за различни области поврзани со казненото право, како и разработка на особено актуелни и недоволно проучувани теми и институти во Република Македонија. Во научниот интерес на д-р Кошевалиска не изостанува и учеството во изработка на наставни помагала со што се профилира како наставник кој ги совладал методолошките пристапи во презентирање на наставната материја.

Несомнено е дека д-р Кошевалиска ги задоволува сите стручни и наставно-научни услови, согласно со позитивните законски прописи, за да биде избрана во наставно звање доцент за наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да ја избере д-р Олга Кошевалиска, досегашена асистентка, во звањето доцент за наставно-научната област казнено право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гордана Бужаровска, с.р.**
**Доц. д-р Лазар Нанев, с.р.**
**Доц. д-р Борка Тушевска, с.р.**

## Т А Б Е Л А

**за вреднување на активностите на д-р Олга Кошевалиска, согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **А) Наставно образовна дејност** | | | **23,6** |
| Позитивно рецензирана скрипта и практикум за вежби по предметот Казнено право – применета програма | 2 | 2 | 4 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестара во изборниот период) | 98 | 0,2 | 19,6 |
| **б) Научноистражувачка (НИ) дејност** | | | **29** |
| Монографија или научна книга<br>Ѓуркова, О. (2010): Казнената постапка за коруптивни кривични дела во римско право, 2010 година, Алфа 94, Скопје | 1 | 10 | 10 |
| Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| Одбранета магистерска теза | 1 | 4 | 4 |
| Учесник на научен проект | 2<br>1 | 2 во Македонија<br>3 во странство | 7 |
| **в) Стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) дејност** | | | **77** |
| Книга:<br>Сотироски, Љ. Ѓуркова, О. (2011): Медијацијата во кривичната материја (светско и македонско искуство) 2-ри Август, Штип;<br>Бужаровска - Лажетиќ, Г. Нанев, Л. Кошевалиска (Ѓуркова), О. (2012): Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда, современи текови во постапувањето со малолетниците, СПМД Кавадарци;<br>Бужаровска - Лажетиќ, Г. Нанев, Л. Кошевалиска (Ѓуркова), О. (2012): Медијацијата во системот на малолетничката правда, СПМД, Кавадарци;<br>Бужаровска - Лажетиќ, Г. Нанев, Л. **Ѓуркова, О**.<br>Гиневски, М. Гаџовска, Л. (2012): Концепт за зајакнување на општинските совети за превенција на малолетничко престапништво, СПМД, Кавадарци | 4 | 10 | 40 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Труд во стручно научно популарно списание:**<br>Ананиев, Ј., Ѓуркова, О.(2008): „Финансиската и материјална поддршка на политичките партии пред и за време на изборната кампања и моделите на транспарентност (светско и македонско искуство)" Годишник на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје;<br>Ѓуркова, О. (2009): „Казнено-правна уреденост на производство и дистрибуирање на детска порнографија преку мас-медиумите (светско и македонско искуство), Годишен зборник на Правен факултет – Кочани;<br>Ѓуркова, О. (2011): „Европски јавен обвинител: аргументи за и против", Правник бр.233, септември, Скопје;<br>Ѓуркова, О. (2010): „Влијанието на римскиот казнено-правен систем врз современите казнени системи", Годишен зборник на Правен факултет – Кочани;<br>Ѓуркова, О. (2011): Размената на кривични податоци во European Criminal Records Information System (ECRIS) и македонското законодавство за заштита на лични податоци извадени од кривичната евиденција, „Правник'' бр.234, Скопје;<br>Ѓуркова, О.. (2012): Приватноста и заштитата на лични податоци наспроти националната сигурност, „Правник" бр.239, март, Скопје;<br>Gurkova, O., Ananiev, J. (2012): National security versus protection of personal data in the EU, Iustinianus Primus Law Review № 05, volume III,Winter 2012;<br>Nanev, L., Kosevaliska, (Gurkova) O., (2013): Protection of personal data in the criminal legislation in Macedonia, Balkan Social Science Review (BSSR), Faculty of Law in the University "Goce Delcev" Stip;<br>Buzarovska – Lazetik, G., Nanev, L., Koshevaliska, O. (2013): Protection of personal data in criminal legislation in Macedonia vs. its protection in EU, Annals of the Bucharest University – The Law Series, Bucharest;<br>Кошевалиска, О. (2013): Правото на заштита на лични податоци при примената на посебните истражни мерки, стручно списание Правник, бр. 259 ноември, *ISSN 1409-5238*;<br>Buzarovska – Lazetik, G., Koshevaliska, O. (2013): Digital evidence in criminal proceedings, Balkan Social Science Review (BSSR), Faculty of Law in the University "Goce Delcev" in Stip, Republic of Macedonia, Volume II, ISSN: 1857- 8772; | 11 | 2 | 22 |
| Техничко унапредување:<br>Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес – Integrating IT tools in teaching process | 1 | 2 | 2 |
| Член на универзитетски или владини тела<br>- Член на нормативната комисија на УГД 2007-2009 | 1 | 5 | 5 |
| Член на факултетски орган, уписна комисија | 4 | 2 | 8 |
| **ВКУПНО** | | | **129** |